Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) Советот на Општина Свети Николе на 59 седница одржана на 30.11.2020 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот во 2021 година

### I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот во 2021 година се:

1. Грижата за младите и соработка со НВО секторот, во согласност со можностите.
2. Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани.
3. Афирмација на Општина Свети Николе како општина со развиена мрежа на НВО кои остваруваат соработка со НВО.
4. Поддршка на социјално хуманитарни здруженија во организации однованi со закон а кои Согласно Стаут се организации коишто се непрофитни, хуманитарни, независни органиции на граѓани кои во својата работ аго промовираат волонтеризмот.

### II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Свети Николе ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- сочувување на континуитетот на соработката со граѓанскиот сектор,
- обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани,
- давање поддршка на проекти кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани
- воспоставување подеднаква соработка со здруженијата на граѓани од различни интересни групи на делување,
- афирмација на Општина Свети Николе во државата и надвор од неа

Во областа на поддршката на НВО секторот активностите на Општина Свети Николе ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

| ПОДДРШКА НА НВО | | | Буџет на Општина Свети Николе за 2021 година |
|---|---|---|---|
| Р.бр | Назив | Наслов на проектот/ активноста | |
| 1. | Здружение на инвалиди на трудот | Програмски активности | 10.000 |
| 2. | Зддружение на граѓани Мото клуб МЦЦ | Интернационален мото собир 2021 | 400.000 предвидени во К4 програма |
| 3. | Здружение на бегалци од Егејска Македонија Беломорци | Посета на Ѓаково во Р. Србија како едно од прибежиштата на Бегалците од Егејска Македонија | 10.000 |
| 4. | Здружение на пензионерите на Општина Свети Николе | Активности на Здружение на пензионерите на Општина Свети Николе | 60.000 |
| 5. | Градски аматерски театар Сцена 71 | Монографија Сцена 71 – 50 години Лебедова песна – Антон Павловиќ Чехов | 60.000 предвидени во К4 програма |
| 6. | Извиднички одред Гоце Делчев | Младински волонтеризам | 160.000 |
| 7. | ЗГ ИИлинденски Марш – Поп Мартин 2007 | Илинденски марш Свети Николе – Крушево 2021 | 20.000 |
| 8. | Доброволно противпожарно друштво Свети Николе | Буџетирање активности на ДПД Свети Николе за 2021 | 90.000 |
| 9. | ОО на Црвен Крст Свети Николе | Развој мотивација и признание на сите генарации на крводарители во 2021 година | 30.000 |
| 10. | Организација на жените на Општина Свети Николе | Заедно во борба против рак на дојката 2 | 150.000 |
| 11. | Граѓанска иницијатива на жени – ГИЖ Свети Николе | Приклучи се во родови локални политики 2 | 60.000 |
| 12. | Општински одбор на Сојузот на борците од народно ослободителната и антифашистичката војна на Македонија 1941-1945за Свети Николе и Лозово | Обележување на значајни настани и личности од народно ослободителната и антифашистичката војна на Македонија 1941-1945 поврзани со македонската борба за независност од поблиско и подалечното минато | 20.000 |
| **ВКУПНО:** | | | **610.000** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на Општина Свети Николе од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2021 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Свети Николе активностите на здруженијата на граѓани ќе ги помага и со:

- покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.
- организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,
- организирање кампањи, манифестаии и др.
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината
- формирање на координативно тело за соработка на Локалната самоуправа со НВО.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа Програма ќе се одвива преку Оддлението за образование, култура, здравство, социјална заштита и соработка со здруженија на граѓани и фондации во Општина Свети Николе.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Соработката со НВО секторот Општина Свети Николе продолжува да ја развива. Обезбедувањето на простор за најуспешните здруженија на граѓани, големиот број реализирани партнерски проекти, создадоа основа и оваа година да се предвидат средства за овој вид активности.

Преку поддршката што Општина Свети Николе ја дава на развојот на НВО секторот во најголем дел ги покрива потребите на младите затоа што овие две области во најголем дел имаат членство што припаѓа на оваа популација. Меѓутоа, Општина Свети Николе останува отворена преку другите форми на делување да ги поддржи активностите на и иницијативите на граѓанскиот сектор.

Општина Свети Николе долгорочно ќе го поддржува граѓанскиот сектор и целите што заеднички општината и граѓанскиот сектор треба да ги постигнат во интерес на заедницата.

**Бр. 0801-958**

**30.11.2020 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
___________________________
**Кире Алексов**